**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11.04.2017 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2062 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по претставка наш арх. бр. 03-1835/1 од 03.04.2017 година

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 31 март 2017 година, издание на актуелно-информативната емисија „Топ Тема"

4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 април 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (начела за вршење на дејноста);

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Во претставката наш арх. бр. 03-1835/1 од 03.04.2017 година, се наведува дека во емисијата „Топ Тема" емитувана на 31 март 2017 година, биле прекршени професионалните стандарди и оти „наместо дебата видовме еднострана дискусија од водителката и тројцата гости новинари кои делуваа како претставници на СДСМ и гостинот од партијата БЕСА. Очигледен беше напорот на ТВ Телма поддржан од водителката и тројцата гости да се убеди претставникот на БЕСА дека нема подобро за нив освен поддршка на СДСМ да формира влада по секоја цена".

„Топ Тема" најчесто се реализира како дебата, но изданието кое е предмет на претставката, жанровски не е реализирано како дебата туку како интервју водено во живо. Во него, на гостинот Африм Гаши, пратеник и еден од основачите на БЕСА, прашања му поставуваат водителката на емисијата Сања Васиќ и новинарите Исен Салиу од весникот Лајм, Билјана Секуловска од Нова ТВ и Столе Наумов од Радио Канал 77.

Една од основните карактеристики на интервјуто како жанр е сопоставеноста на интервјуираниот и новинарот, во смисла на тоа дека првиот е поканет затоа што поседува сознанија кои се од интерес за пошироката јавност, а вториот сака преку новинарски структурирани прашања да ги направи достапни за јавноста информациите за важни прашања кои се актуелни или хронично се

предмет на интерес на граѓаните. За да се постигне тоа, потребно е прашањата да одразат дека новинарот поседува сознанија за темата, со прашањата не треба да му се повладува на соговорникот туку да се предизвикува, а по потреба и да се испровоцира одговор од интервјуираниот, да се натера да зборува и за она (или токму за она) за што не сака да зборува. Аналитичноста на овој новинарски жанр треба да го понуди токму тоа – повеќе сознанија за ставовите, постапките, намерите на интервјуираниот – како поединец или како претставник на некоја организација, институција, компанија, здружение, политичка партија... – во зависност од тоа во кое својство е поканет за интервјуто.

На почетокот од „Топ тема" од 31 март 2017г., јасно е посочено дека господинот Африм Гаши е поканет во својство на еден од челните луѓе на парламентарна политичка партија („основач и пратеник на БЕСА") – политички субјект чии ставови и постапки се исклучително важни во актуелната политичка ситуација. Прашањата поставени во интервјуто - реализирано во формат еден соговорник на како што се вели „жешкото столче" и четворица новинари - се однесуваат на: постапувањето и позиционирањето на БЕСА во однос на ВМРО ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ; дали БЕСА ќе биде дел од идна влада; колку има вистина во наводите дека тајно се договара со ВМРО ДПМНЕ да биде во опозиција; зошто Беса ја прифати т.н. Тиранска платформа; каква е идеолошката позиционираност на БЕСА; зошто откако ги даде потписите на своите пратеници за парламентарно мнозинство, БЕСА не го прифаќа Талат Џафери како кандидат за претседател на Собранието; која е визијата на БЕСА за Македонија; кој е можниот излез од кризата и низа други прашања.

Од наведените теми може да се види дека новинарите при интервјуто предизвикуваат одговори за постапки на БЕСА или за одговори на г. Гаши кои се чинат контрадикторни, провоцираат разговор на теми за кои досега не се зборувало многу и во секој случај поставуваат прашања поради кои тој, како што и самиот вели, се чувствува дека седи на „жешкото столче". Притоа, дури и во миговите кога интервјуто е остро, не се преминуваат границите на дозволеното при интервју со претставник на политичка партија и носител на јавна функција.

Оттаму, со вонредниот надзор на актуелно-информативната емисија „Топ Тема" емитувана на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје на 31 март 2017 година, **не е констатирано прекршување на начелата од член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

8. **Опис на прекршувањето: /**

9. **Предлог мерка: /**

***Сектор за програмски работи***